**20260170255**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јануари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА/САНАЦИЈА НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ЗА 2026 ГОДИНА

I. Со оваа програма се распределуваат средства за изградба на нови и реконструкција/санација на веќе постоечки спортски објекти во рамките на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Како еден од основите за финансирање во изградбата и реконструкцијата/санацијата на спортските објекти, воедно и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во дејноста спорт е обезбедување на услови за реализација на наставата по физичко воспитување во основното и средното образование, спортување и рекреација на студентите, за функција на спортските клубови и спортските федерации, како и рекреативните активности на граѓаните и спроведување на децентрализацијата на спортот. Затоа, приоритет во капиталните инвестиции во спортската инфраструктура е изградба на современи објекти за спорт и реконструкција/санација на веќе постоечките.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 312.146.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, а Министерството за спорт се определува истите да ги користи за:

Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, Раздел 16201 – 63231 – 637 – 10, ставка 482 – други градежни објекти, за кои се утврдени средства во износ од 312.146.000,00 денари.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 482 – други градежни објекти:

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на спортски објекти во 2026 | |
| 1.1 | Проект „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид“ | 2.000.000,00 |
| 1.2 | Проект „Изградба на 14 затворени училишни базени“ | 75.000.000,00 |
| 1.3 | Проект „Проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта“ | 3.477.108,00 |
| 1.4 | Проект „Изградба на три спортски сали“ | 80.000.000,00 |
| 1.5 | Проект „Изградба на спортска сала за боречки вештини“ | 6.000.000,00 |
| 2. | Реконструкција/санација на спортски објекти во 2026 година | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Проект „Санација на спортска сала Расадник, Општина Кисела Вода“ | 30.000.000,00 |
| 2.2 | Проект „Адаптација на спортска сала во УКИМ“ | 34.000.000,00 |
| 2.3 | Проект „Санација на маалски мултинаменски игралишта“ | 37.852.642,00 |
| 2.4 | Проект „Реконструкција на атлетска патека во Општина Велес“ | 10.000.000,00 |
| 2.5 | Проект „Реконструкција на спортска сала во Општина Делчево“ | 10.000.000,00 |
| 2.6 | Проект „Реконструкција на спортска сала во Општина Кочани“ | 10.000.000,00 |
| 2.7 | Проект „Реконструкција на спортска сала во Општина Гостивар“ | 5.000.000,00 |
| 2.8 | Проект „Реконструкција на спортска сала „Партизан“ во Општина Карпош“ | 4.000.000,00 |
| 3. | Проектирање и ревизија за изградба и реконструкција на спортски објекти и стручно – технички надзор при изградба и реконструкција на спортски објекти | 4.500.000,00 |
| 4. | Геодетски услуги, техничка документација за проектни програми и елаборати за изградба и реконструкција на спортски објекти | 316.250,00 |
| | Вкупно | 312.146.000,00 |

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-61/7
27 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.